Уп. бр. 08-131

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото Ерсте Асет Менаџмент ГмбХ со регистрирано седиште на Ам Белведере 1, 1100 Виена, Австрија, доставено преку адвокат Мартин Иванов од Скопје, на седницата одржана на ден 03.10.2024 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Ерсте Асет Менаџмент ГмбХ со регистрирано седиште на Ам Белведере 1, 1100 Виена, Австрија ќе стекне директна контрола над Импакт Асет Менаџмент ГмбХ со регистрирано седиште на Стела-Клајн-Лов-Вег 15, 1020 Виена, по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 16.09.2024 година, а дополнето на ден 18.09.2024 година и 23.09.2024 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на Ерсте Асет Менаџмент ГмбХ со регистрирано седиште на Ам Белведере 1, 1100 Виена, Австрија, со која Ерсте Асет Менаџмент ГмбХ ќе стекне директна контрола над Импакт Асет Менаџмент ГмбХ

со регистрирано седиште на Стела-Клајн-Лов-Вег 15, 1020 Виена, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

-Ерсте Асет Менаџмент ГмбХ ги координира и е одговорно за сите дејности на управување со средства во рамките на Групацијата Ерсте од 1965 година (претходно под името ЕРСТЕ ШПАРИНВЕСТ). Ерсте Асет Менаџмент ГмбХ е еден од водечките управители на средства во Централна Европа. Ерсте Асет Менаџмент ГмбХ е дел од групацијата на компании Ерсте, еден од најголемите даватели на финансиски услуги во Централна и Источна Европа, кое нуди банкарски услуги на физички и правни лица, како и финансиски услуги. Работењето на Групацијата Ерсте е поделено на банкарство на мало, комерцијално банкарство, групациски пазари, активно и пасивно управување и локален центар за комерцијални трансакции, доверителско банкарство, како и центар за комерцијални трансакции на ниво на групација. Сепак, примарна дејност на Групацијата Ерсте е давање банкарски услуги на физички и правни лица.

Групацијата Ерсте е присутна во Северна Македонија преку:

**-Шпаркасе Банка АД Скопје** со седиште на Васил Иљовски 14, Скопје, Република Северна Македонија, чија основна дејност е друго монетарно посредување.

**-Шпаркасе Лизинг ДОО Скопје** со седиште на ул. Македонија 34, Скопје, Северна Македонија, чија основна дејност е финансиски лизинг.

**С-АМЦ1 ДООЕЛ Скопје** со седиште на Васил Иљовски 14, Скопје, чија основна дејност е купопродажба на сопствен недвижен имот.

-**Импакт Асет Менаџмент ГмбХ** е новоосновано друштво што ги поседува сите средства и обврски на поранешното Импакт Асет Менаџмент ГмбХ, австриско друштво со ограничена одговорност, со своето корпоративно седиште во Виена и деловна адреса на Стела-Клајн-Лов-Вег 15, 1020 Виена, Австрија („И-АМ“). И-АМ беше споено со Импакт Асет Менаџмент ГмбХ пред потпишувањето на трансакција за која се поднесува ова Известување. Импакт Асет Менаџмент ГмбХ е независно друштво за управување со средства во германското говорно подрачје, што е специјализирано за распределба на средства, анализа и управување со насочени и одржливи инвестиции. Тимот на Импакт Асет Менаџмент ГмбХ се состои од 30 вработени.

Импакт Асет Менаџмент ГмбХ е специјализирано за избор, анализа и управување со насочени и одржливи инвестиции и управува со нив од 2006 година. Инвестициската политика има за цел да придонесе за постигнување на Целите за одржлив развој на ОН и да генерира социјални, еколошки и финансиски приноси како управител на средства со „троен резултат“. Целта на производите на Импакт Асет Менаџмент ГмбХ е континуиран

раст на средствата со фокус на диверзификација на ризикот и безбедност. На пазарите во подем, фокусот е на оптимизација на перформансите. На пазарите во пад, фокусот е на активно управување со ризикот за заштита на средства под консигнација од големи загуби.

Импакт Асет Менаџмент ГмбХ нема поврзани друштва регистрирани во Република Северна Македонија ниту генерирало приход на пазарот во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**